РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 30/2
20-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) 30-тата седница, прво продолжение, одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

Поради основи на сомневање дека сторил кривично дело - Несовесно работење во службата од член 353-в став 1 од Кривичниот Законик на Република Македонија и доставената Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на Илија Јованоски, градоначалник на Општина Прилеп до Основно Јавно Обвинителство Прилеп, кој ја отфрли истата, бидејќи констатира дека пријавеното кривично дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-566/1 од 18.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата, постапуваше по предмет за утврдување на незаконско работење на лицето Илија Јованоски, градоначалник на Општина Прилеп, при постапка за вработување на лицето Цвете Станојоска во Општина Прилеп, негова внука.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до Општина Прилеп и побара да се достави следната документација:

- спроведена функционална анализа на работни места;
- акт за внатрешна организација и акт за систематизација на работните места кои се во сила и сите измени донесени до февруари 2019 година;
- годишен план за вработувања;
- податоци за лицето Цвете Станојоска доколку било вработено или ангажирано по било кој друг основ во Општина Прилеп (привремено вработување преку Агенција за привремени вработувања, авторски договор, договор на дело, волонтер и сл.) во период од 2017 и 2018 година и опис на работно место и
- целокупната документација од постапката за спроведување на оглас за вработување на лицето Цвете Станојоска.

По разгледување на доставената документација, Државната комисија ја утврди следнава состојба:

1. Во Правилникот за систематизација на работните места во општина Прилеп усвоен од Совет на општината со број 01-1199/1 од 01.06.2015 година, , заклучно до август 2018 година извршени се седум измени и дополнувања.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

2. Со основниот акт за систематизација, под реден број 36 предвидено е работно место УПР 01 01 В04 000 – помлад соработник за следење и поддршка на ЛЕР – 1 извршител, за кое работно место предвидени се квалификации од областа на економски науки, правни науки или јавна управа и администрација, а согласно каталогот на работни места објавен од МИОА, може, но и не мора кандидатот да има работно искуство.

3. Во текот на 2018 година извршени се четири промени на систематизацијата. Последната е направена на ден 25.07.2018 година, со која измена извршени се промени во делот на вид на образование на работната позиција УПР 01 01 В04 000 – помлад соработник за следење и поддршка на ЛЕР, од постојните квалификации економски, правни науки или јавна управа и администрација, се брише правни науки и се менува со Наука за јазикот, квалификација на внуката на градоначалникот. Од МИОА добиена е согласност на ден 01.08.2018 година.

До Агенција за администрација на ден 15.08.2018 година доставено е барање за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници за две работни места. За двете работни места се пријавиле вкупно 4 кандидати од кои, на двајца, пријавите биле непотполни, така што во наредна фаза испит на административен службеник ја продолжиле по двајца кандидати. Испитот бил закажан на 26.09.2018. Согласно законот за административни службеници, од страна на Агенција за администрација спроведено е тестирање на пријавените кандидати, по што до општината доставен е предлог за вработување на лицето Цвете Станојоска – помлад соработник. Од страна на градоначалникот на општина Прилеп, донесени и **потпишани** се соодветни одлуки за избор на административен службеник по што на 22.10.2018 година се изготвени решенија за вработување.

Од документацијата доставена од општина Прилеп, Државната комисија утврди дека Одлука за избор за вработување на административен службеник Цвете Станојоска по јавен оглас со бр.04-3029/9 од 08.10.2018 година и Решение за вработување на административен службеник Цвете Станојоска со бр.04-3029/13 од 22.10.2018 година се потпишани од Илија Јованоски, Градоначалник на Општина Прилеп.

Согласно доставените изводи од матичната книга на родените за лицето Илија Јованоски и лицето Цвете Станојоска, Државната комисија констатира дека истите се во роднинска врска, односно блиски лица согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ.

При вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека градоначалникот на општина Прилеп, Илија Јованоски постапил спротивно на одредбите Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со тоа што со промените на видот на образование во систематизацијата создал услови за вработување, односно ги потпишал одлуката за избор за вработување на административен службеник бр.04-3029/9 од 08.10.2018 година и решение за вработување на административен службеник со бр.04-3029/13 од 22.10.2018 година.

Од претходно наведеното, Државната комисија утврди дека постои основано сомневање дека Илија Јованоски, Градоначалник на Општина Прилеп ги искористил своите овластувања и должности, и одлучил во интерес на блиско лице ставајќи го интересот на блиското лице пред јавниот интерес, односно вршењето на работите од јавен интерес ги искористил за остварување на лични цели.

Имајќи ги предвид сите горенаведени состојби, Државната комисија утврди дека градоначалникот на Општина Прилеп постапил спротивно член 3 став 1 и 2, член 4, член 56, член 73, и член 75 од Законот за спречување на корупција и судир на, што за Државната комисија беше основа за сомневање дека сторил кривично дело Несовесно работење во службата од член 353-в став 1 и Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 1 од Кривичниот Законик на Република Македонија.

Поради наведените причини Државната комисија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на Илија Јованоски, градоначалник на Општина Прилеп до Основно Јавно Обвинителство Прилеп.

По однос на поднесената Иницијатива, Основното Јавно Обвинителство- Прилеп достави одговор во кој е наведено дека ја отфрли истата, бидејќи пријавеното кривично дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на Илија Јованоски, градоначалник на Општина Прилеп, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил:
м-р Станка Милановска - Виш соработник
Одобрил:
Катица Николовска, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk